**Проф. д-р Марјан Габеров**[1]

# ФЕНОМЕНОЛОШКИ ОДЛИКИ НА СТОРИТЕЛИТЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО РАЗБОЈНИШТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.03 Кратка научна статија**
**УДК 343.712(497.7)"2019/2023"**

**Апстракт**

Авторот на трудот се осврнува на анализа на законското битие на кривичното дело разбојништво и феноменолошките одлики на сторителите на оваа инкриминација во Република Северна Македонија во период од 2019 година до 2023 година. Станува збор за инкриминација што е дел од кривични дела против имотот и инкриминација што многу често се случува во реалноста. Истражувањето на одликите на сторителите на кривичното дело разбојништво треба да биде од помош во градењето на превентивниот систем од овој облик на криминалитет, конкретно од кривичното дело разбојништво. Исто така, во трудот е претставена и казнената политика на судовите во однос на сторителите на кривичното дело разбојништво, како и извршеното кривично дело разбојништво од страна на деца во Република Северна Македонија.

**Клучни зборови:** присилба, кражба, имот, кривично дело, имотен криминалитет.

## 1. Вовед

Кривичното дело разбојништво спаѓа во групата кривични дела против имотот. Со кривичните дела против имотот, вклучително и со кривичното дело разбојништво се напаѓа имотот, сопственоста или некои други имотни права. Сопственоста претставува уставна категорија, односно во Уставот на Република Северна Македонија, сопственоста е подигната на уставен принцип и во делот на човековите слободи и права се превидува правото на сопственост.

Правото на сопственост значи право на граѓанинот определен движен или недвижен имот или предмет да го користи и со него да располага на начин што нему му одговара. Сопственикот има право со имотот да располага трајно, па дури и постхумно, исклучувајќи определени лица од наследство на неговото право на сопственост. Во стручната литература се истакнува дека уставното определување на сопственоста треба да се сфати и како обврска и како право. Во оваа смисла, сопственоста се определува како сопственост што создава права и обврски и која служи како добро од општ интерес на заедницата.[2]

Сторувањето на кривичните дела против имотот, како и сторувањето на кривичното дело разбојништво во секој случај предизвикува повредување на сопственоста како економска категорија. Освен што доаѓа до повредување на сопственоста како резултат на практикување на имотниот криминалитет, доаѓа и до повредување на сите останати

---

[1] Вонреден професор, Европски универзитет – Скопје, Факултет за правни науки, gaberovmarjan@yahoo.com.

[2] Шкариќ, Светомир, Уставно право, Матица Македонска, Скопје, 2006, стр. 304.

права што имаат имотен карактер. Опасноста што настанува како резултат на извршените кривични дела против имотот е доволна основа на инкриминирање на овие дејствија. Камбовски истакнува дека токму казненото право, преку сет инкриминации во рамките на Кривичниот законик обезбедува правна заштита на сопственоста и на останатите имотни права, пред сè, од различните дејствија што значат сторување разни кривични дела против имотот.[3]

Имотниот криминалитет привлекува големо внимание во рамките на стручните истражувања поради тоа што официјалните статистики за истражување на криминалитетот говорат за општ пораст на овој вид криминалитет. Станува збор за таков вид криминално однесување што е директно насочено кон имотот, при што сторителите на овој вид криминалитет настојуваат за себе или за друг да прибават определена материјална корист или, пак, да му сторат некоја материјална штета на друго лице.

## 2. Кривично дело разбојништво, член 237 од Кривичниот законик

Кривичното дело разбојништво е предвидено во Кривичниот законик на Република Северна Македонија во членот 237. Всушност, анализата на посочениот член од Кривичниот законик е од помош за определување на законското битие на оваа инкриминација.[4]

Кривичното дело разбојништво од членот 237 став 1 од Кривичниот законик го извршува лице што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг и ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор од најмалку пет години. Ставот 2 од членот 237 од Кривичниот законик го определува тешкиот, односно квалификуваниот облик на кривичното дело разбојништво. Како критериум за потешко квалификување на кривичното дело разбојништво е искористена вредноста на одземениот предмет. Па така, во оваа смисла, ако вредноста на одземениот предмет е од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку осум години. Ставот 3 од членот 237 од Кривичниот законик го определува полесниот, односно привилегираниот облик на кривичното дело разбојништво. Како критериум за полесно квалификување на кривичното дело разбојништво е искористена помалата вредност на одземениот предмет. Па така, во оваа смисла, ако вредноста на одземениот предмет е помала и ако сторителот одел кон тоа да присвои предмет од таква вредност, ќе се казни со затвор од една до пет години. Ставот 4 од членот 237 од Кривичниот законик исто така предвидува квалификуван облик на кривичното дело разбојништво. Па така, во оваа смисла, ако при извршувањето на основниот облик на кривичното дело разбојништво или, пак, при извршување на кривичното дело разбојништво во кое вредноста на одземениот предмет е од помала вредност, на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда или ако делото е сторено во состав на група, банда или ако е употребено огнено оружје или опасно орудие или при извршување на делото во банка, менувачница, пошта или на јавно место е загрозен животот или телото на две или повеќе лица, сторителот на делото ќе се казни со затвор од најмалку десет години. Како што може да се забележи кај овој квалификуван облик на кривичното дело разбојништво, постојат неколку околности што задолжително доведуваат до потешко

[3] Камбовски, Владо, Казнено право – посебен дел, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2003, стр. 293.
[4] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023).

казнување на сторителот на кривичното дело. И на крајот, ставот 5 од членот 237 од Кривичниот законик пропишува дека ако при извршување на основниот облик на кривичното дело разбојништво некое лице со умисла е лишено од живот, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.

Инкриминирањето на дејствијата на разбојништво всушност овозможуваат заштита на сопственоста. Токму сопственоста како категорија е определена како објект на заштита на кривичното дело разбојништво. Објектот на заштита во казненоправна смисла, всушност, претставува доброто, интересот или односот што се напаѓа со кривичното дело. Кога се зборува за сопственоста, конкретно за нејзиното напаѓање како резултат на извршувањето на кривичното дело разбојништво, треба да стане јасна определбата на државата да ги инкриминира овие дејствија, односно да обезбеди заштита на имотот и да обезбеди заштита на сопственоста. Кај сторителот на кривичното дело разбојништво постои јасна намера за сторување на делото. Имено, сторителот на кривичното дело разбојништво ја користи присилбата за остварување на својата намера со цел конечно реализирање на кривичното дело.

Правната природа на кривичното дело разбојништво привлекува особено внимание. Кривичното дело разбојништво се состои од извршување повеќе дејствија што се преземаат од страна на сторителот на делото, а тоа се одземањето на туѓите подвижни ствари, примената на сила против некое лице или примената за закана дека непосредно ќе нападне по животот и телото, при што кај сторителот постои намера за присвојувањето на туѓите подвижни предмети или за прибавувањето друга имотна корист. Според ова, разбојништвото не претставува објективен, механички, туку функционален и субјективен спој на принудата и кражбата. Треба да се напомене дека постои можност едно лице да ја користи принудата, а друго лице да ја одземе стварта, па, во таков случај, и двете лица се одговорни како соизвршители на кривичното дело разбојништво.[5] И Камбовски зборува за двојната и специфична природа на кривичното дело разбојништво. Двојната природа на оваа инкриминација, според неговото мислење, може да се согледа во фактот што извршувањето на самото дело, од една страна, подразбира сторување на делото со примена на присилба за отежната кражба, додека, пак, од друга страна, преземање дејствие на кражба со отежната присилба. Овие два елементи, според неговото мислење, се од суштинско значење за кривичното дело разбојништво. Првиот елемент е кражбата и вториот елемент е присилбата. Тој истакнува дека разбојништвото претставува сложено кривично дело.[6]

Имајќи го предвид фактот дека разбојништвото претставува сложено кривично дело што во своите дејствија на сотрување подразбира извршување кражба и присилба, постои потреба од анализирање на овие составни елементи на кривичното дело разбојништво. Кражбата, во смисла на одредбите од Кривичниот законик, подразбира одземање туѓ подвижен предмет со намера да се присвои противправно. Што се однесува, пак, до присилбата, таа се извршува од страна на лице што со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто.

## 3. Феноменолошки одлики на сторителите на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

### 3.1 Обем на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

[5] Lazarevic, Ljubisa, Komentar Krivicnog zakonika Srbije, Pravni fakultet Univerziteta Union, Beograd, 2011, стр. 6.

[6] Камбовски, оп. цит., 2003, стр. 311.

Обемот на криминалитетот треба да ни даде претстава за бројот на пријавени, обвинети и осудени лица за еден вид криминалитет во даден временски период. Според мислењето на Арнаудовски, обемот на криминалитетот се утврдува на тој начин што во текот на една година се следи секоја фаза од кривичната постапка низ која минуваат кривичното дело и сторителот, како и откриениот криминалитет утврден со бројот на поднесените кривични пријави преку поднесените обвиненија и пресудениот криминалитет. Обемот на криминалитетот се утврдува според времето на сторување на кривичните дела, а не според времето на пресудување, како што е тоа во кривичната судска постапка, бидејќи на тој начин се најблиску до криминалната ситуација и условите во кои е сторен криминалитетот.[7]

Имајќи ги предвид овие тврдења, во продолжение е претставен обемот на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година преку пријавени, обвинети и осудени лица за кривичното дело разбојништво.

**Табела број 1**

**Пријавени, обвинети и осудени лица за кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Пријавени лица | 248 | 171 | 222 | 327 | 191 | 1 159 |
| Обвинети лица | 36 | 35 | 59 | 48 | 45 | 223 |
| Осудени лица | 31 | 28 | 53 | 46 | 44 | 202 |

Извор: МАКСТАТ.

Од презентираните податоци може да се забележи дека бројот на пријавени, обвинети и осудени лица за кривичното дело разбојништво во анализираниот период од пет години е различен и покажува различни тенденции на движење. Може да се забележи дека за само 20 проценти од вкупниот број пријавени лица за кривичното дело разбојништво се поднесени обвиненија, односно од вкупно 1 159 лица за кои има поднесено кривична пријава, само за 223 лица е поднесено обвинение. Од друга страна, пак, соодносот на обвинети и осудени лица за кривичното дело разбојништво е сосема поинаков. Па така, од вкупниот број обвинети лица (223), дури 202 се осудени за кривичното дело разбојништво во периодот од 2019 до 2023 година, или тоа се високи 90 проценти. Големата разлика од пријавени лица за кривичното дело разбојништво до обвинети и осудени лица за ова кривично дело може да се должи на различни причини, како што се немањето доволно докази, необезбедувањето траги од кривичното дело, недостапноста на сторителот на кривичното дело, неажурноста и неподготвеноста на истражителите и сл.

### 3.2 Структура на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Кога се зборува за структура на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во дадениот период на анализа, пред сè, се мисли на различните облици на ова кривично дело што се предвидени во рамките на членот 237 од

[7] Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје, 2007, стр. 245.

Кривичниот законик на државата. Па така, преку структурата на кривичното дело разбојништво, всушност, треба да се утврдат различните облици на разбојништво во смисла на одредбите од Кривичниот законик, односно да се утврди дали станува збор за основниот облик на кривичното дело разбојништво, дали станува збор за потешките, квалификуваните облици на кривичното дело разбојништво или, пак, станува збор за полесниот, односно привилегираниот облик на кривичното дело разбојништво. Мора да се потенцира дека при истражувањето и анализирањето на оваа карактеристика на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија постои една тешкотија поради тоа што официјалните статистики немаат посебна методологија според која би се утврдило дали станува збор за основниот, потешкиот или полесниот облик на кривичното дело убиство. Имено, Државниот завод за статистика, конкретно во базата на МакСтат може да се утврди вкупниот број на разбојништво, без притоа да биде направено класифицирање во однос на тоа дали станува збор за основен облик на делото или, пак, станува збор за потежок или полесен облик на делото. Од статистиките на судовите, на полицијата, јавното обвинителство, од информациите што се презентираат во медиумите може да се дојде до заклучок дека во Република Северна Македонија се практикуваат сите облици на кривичното дело разбојништво. Сепак, нема да згрешиме ако истакнеме дека основниот облик на кривичното дело разбојништво е најзастапен облик кога е во прашање сторувањето на ова кривично дело против имотот.

### 3.3 Пол на сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Различните полови различно учествуваат во сторувањето на вкупниот криминалитет. Може да се забележи дека лицата од машки пол извршуваат многу повеќе кривични дела за разлика од лицата од женски пол. Преку податоците што се презентирани во продолжение се прави обид да се извлече заклучок за тоа дали разбојништвото како кривично дело почесто се извршува од страна на лица што се од машки пол или, пак, се извршува од страна на лица што се од женски пол. За нас, во овој дел, секако, од посебен интерес е бројот на осудени лица за кривичното дело разбојништво во дадениот временски период.

**Табела број 2**
**Пол на сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Осудени лица | 31 | 28 | 53 | 46 | 44 | 202 |
| Мажи | 30 | 28 | 50 | 46 | 42 | 196 |
| Жени | 1 | - | 3 | - | 2 | 6 |

Извор: МАКСТАТ.

Податоците што се презентирани во Табела број 2 упатуваат на јасен заклучок дека во улога на разбојници најчесто се јавуваат лицата што се од машки пол. Па така, во истражуваниот период од пет години во Република Северна Македонија, вкупно 196 лица од машки пол се јавуваат како сторители на кривичното дело разбојништво, додека, пак, само 6 жени во анализираниот период се осудени како сторители на кривичното дело разбојништво. Во оваа анализа може да се забележи дека само 3

проценти отпаѓаат на жените како сторители на кривичното дело разбојништво, за разлика од мажите, на кои отпаѓаат високи 97 проценти.

Како што може да се забележи, криминалитетот претставува типично машка работа. Разбирањето на разликите во криминалното однесување меѓу мажите и жените е од суштинско значење за создавањето поефективни и правични политики на кривична правда. Мажите и жените се вклучуваат во криминал од различни причини, под влијание на биолошки, психолошки и социјални фактори со различни обрасци на однесување. Многу е поверојатно мажите да извршат насилни кривични дела, за разлика од жените, за кои се карактеристични ненасилни кривични дела што често се водени од економска потреба или, пак, од некои лични состојби и трауми.[8]

### 3.4 Старост на сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Арнаудовски истакнува дека староста, како феноменолошко обележје, има двојно значење: прво, различните старосни групи покажуваат различно учество во формирањето на структурата на криминалитетот и деликвенцијата и, второ, староста има значење за видот на криминалитетот во кој учествуваат одделните старосни групи. Различните старосни групи се јавуваат како носители на различен криминалитет.[9] Кога станува збор за истражување на староста на сторителите на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија, постои една тешкотија, конкретно статистичките податоци што се користат од базата на МакСтат не прават посебно издвојување на оваа феноменолошка карактеристика на сторителите на кривичното дело разбојништво. Со цел да може да се извлече некаков заклучок во однос на староста на сторителите на кривичното дело разбојништво, презентирани се податоци што се однесуваат на сите кривични дела против имотот, со посебно нагласување на староста на сторителите на истите овие инкриминации.

**Табела број 3**
**Старосни групи на сторители на кривично дело разбојништво во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година/Старост | 18 – 20 г. | 21 – 24 | 25 – 29 г. | 30 – 39 г. | 40 – 49 г. | 50 – 59 г. | 60 и повеќе години | Непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | 157 | 205 | 237 | 471 | 296 | 242 | 180 | 24 |
| 2020 | 119 | 16 | 230 | 381 | 286 | 242 | 194 | 16 |
| 2021 | 183 | 239 | 292 | 470 | 358 | 236 | 186 | - |
| 2022 | 221 | 279 | 346 | 572 | 375 | 242 | 172 | - |
| 2023 | 172 | 263 | 281 | 536 | 341 | 157 | 108 | - |
| Вкупно | 852 | 1 002 | 1 386 | 2 430 | 1 656 | 1 119 | 840 | 40 |

Извор: МАКСТАТ.

Во анализираниот период од пет години може да се забележи дека во Република Северна Македонија како старосна група што најчесто се појавува во улога на сторител на имотен криминалитет е старосната група од 30 до 39 години. Ако се има предвид фактот дека и разбојништвото претставува кривично дело против имотот, тогаш овие

[8] Shakhnoza, Saparbawva, Qizi, Rustem, Comparative analysis of the motives of female and male criminality, International Journal of Law and Criminology, Vol. 04, Iss. 09, 2024, 15.
[9] Арнаудовски, оп. цит., 2007, стр. 285.

презентирани бројки се применливи и при одредување на старосната група на сторителите на оваа инкриминација. Општиот заклучок е дека сите старосни групи на различен начин учествуваат во вкупниот број сторители на имотен криминалитет.

### 3.5 Семеен статус на сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Многу често во криминолошките истражувања се прави поврзување на брачниот, односно семејниот статус на лицето и криминалитетот, т. е. се извлекуваат заклучоци во однос на тоа дали брачниот и семејниот статус на лицето може да влијаат врз него за тоа да се појави како сторител на разни кривични дела. Семејството има посебна важност и значење за целокупното општество. Главните карактеристики на семејството како една општествена групација, од една страна, се неговата историска конотација, односно неговото постоење низ историјата, а, од друга страна, пак, неговата значајност за општеството. Основната цел на секое семејство е остварувањето на неговите функции. Па така, од семејството се очекува остварување на биолошката, социјалната, репродуктивната, егзистенцијалната функција и др. Смислата на формирање и опстојување на семејството се потврдува со остварувањето токму на овие функции.[10] Истражувањата за структурата на семејството и криминалитетот, односно деликвенцијата во никој случај не треба да се сметаат за производ на новото време. Уште во минатиот век постојат голем број истражувања преку кои се утврдува непосредната врска на семејниот статус и криминалитетот, односно се воспоставуваат определени релации на семејните состојби и криминалното однесување.[11]

### 3.6 Изречени главни казни за сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Сторувањето инкриминации, секако, предизвикува и активирање на државниот апарат во насока на откривање на сторителите на кривични дела и нивно санкционирање. Во стручната литература се истакнува дека еден од главните предизвици со кој се соочуваат оние што ја носат казнената политика е на кој начин би требало да реагира општеството спрема оние што го кршат правото. Земајќи го предвид постојаниот раст на стапките на криминалитет, ова е прашање што со години го привлекува вниманието.[12] За нас, секако, од посебен интерес е реагирањето на судовите во однос на сторителите на кривичното дело разбојништво. Во продолжение, табеларно се прикажани изречените казни затвор за сторителите на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година.

**Табела број 4**

**Изречени главни казни за сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година/Времетра ење на затвор | Доживот ен затвор | Затво р од | Затво р 10 | Затво р 5 – | Затво р 3 – | Затво р 2 – | Затво р 1 – | Затво р од | Затво р до 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

[10] Тоновски, Ѓорѓи, Социологија, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид, 2000, стр. 307.

[11] Stanfield, John, Racism in America and in Other Race-Centered Nation States: Synchronic Considerations, International Journal of Comparative Sociology, 1991, 243–260.

[12] Груевска-Дракулевски, Александра, Мисоски, Бобан, Компаративна анализа на механизмите на упатства за одмерување казна: упатство за одмерување казна во САД, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 21, бр. 1, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2014, стр. 92.

| | | 20 годин и | – 15 г. | 10 г. | 5 г. | 3 г. | 2 г. | 6 мес. до 1 г. | месец и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | - | - | 1 | 6 | 10 | 3 | 2 | 3 | 4 |
| 2020 | - | - | 1 | 11 | 5 | 7 | - | 1 | - |
| 2021 | 1 | - | 4 | 7 | 13 | 10 | 3 | 4 | 1 |
| 2022 | - | 1 | 1 | 13 | 11 | 10 | 1 | 1 | 1 |
| 2023 | - | 1 | 5 | 17 | 11 | 3 | 1 | 2 | - |
| Вкупно | 1 | 2 | 12 | 54 | 50 | 33 | 7 | 11 | 6 |

Извор: МАКСТАТ.

Според последиците што ги предизвикува, кривичното дело разбојништво слободно може да се категоризира во групата тешки кривични дела. Токму затоа и поради неговата тежина, во смисла на последиците што настануваат како резултат на неговото сторување, законодавецот предвидел изрекување само казна затвор како главна казна. Во пенолошка смисла, треба да истакнеме дека денес иако се појавуваат определени теории преку кои се упатува критика на казната затвор, сепак таа и натаму останува доминантна казна во казнените системи на државите, за што потврда наоѓаме во анализата на казнените политики. Во основата на казната затвор лежи репресивност, ретрибутивност, пунитативност, а, од друга страна, таа се применува со цел ресоцијализација на криминалците, кои се јавуваат како крајно антагонистички цели на казната затвор.[13]

Податоците што се презентирани во табелата упатуваат на заклучок дека во анализираниот период од 2019 до 2023 година, судовите во Република Северна Македонија на сторителите на кривичното дело разбојништво најчесто им изрекувале казна затвор во времетраење од 5 до 10 години, и тоа во 53 случаи. Исто така, за потенцирање и е изрекувањето на казната затвор во времетраење од 3 до 5 години на сторителите на кривичното дело разбојништво во анализираниот период. Во анализираниот период од 2019 година до 2023 година има изрекување и казна доживотен затвор, што упатува на заклучокот дека при извршувањето на кривичното дело разбојништво во конкретна ситуација некое лице е лишено од живот, па токму и затоа е изречена таков вид казна.

### 3.7 Изречени алтернативни мерки за сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Алтернативните мерки имаат свое значење и применливост во различните фази што се реализираат во рамките на една кривична постапка. Алтернативноста на овие мерки може да се анализира во три засебни насоки. Првата насока е онаа според која овие мерки треба да создадат услови за алтернативи на самата казнена постапка. Втората насока е онаа според која овие мерки треба да создадат услови за алтернативи на самата осуда. И, сосема на крајот, третата насока е онаа според која овие мерки треба да создадат услови за алтернативи на затворот, како што е казната со која се ограничува

[13] Груевска-Дракулевски, Александра, Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 2, бр. 1, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2017, стр. 2.

слободата на поединецот.[14] Овие алтернативни мерки се имплементирани и во македонското казнено законодавство. Тенденцијата за современо казнено законодавство во Република Северна Македонија се потврдува и преку воведувањето на сетот алтернативни мерки, кои се применуваат како санкции со кои се прават разни алтернативи на затворот.[15]

**Табела број 5**
**Изречени алтернативни мерки за сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија за периодот од 2019 до 2023 година**

| Година/Алтернативна мерка | Условна осуда затвор | Условна осуда парична казна | Условна осуда со заштитен надзор | Условно прекинување на кривичната постапка | Општокорисна работа | Судска опомена | Куќен затвор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 | - | - | - | - | - | - | - |
| 2020 | 3 | - | - | - | - | - | - |
| 2021 | 9 | - | - | - | - | - | - |
| 2022 | 6 | - | - | - | - | - | - |
| 2023 | 4 | - | - | - | - | - | - |
| Вкупно | 22 | - | - | - | - | - | - |

Извор: МАКСТАТ.

Од податоците што се презентирани може да се заклучи дека алтернативните мерки многу ретко им се изрекуваат на сторителите на кривичното дело разбојништво во анализираниот период од пет години во Република Северна Македонија. Како единствена алтернативна мерка што е изречена од страна на судовите во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година е условната осуда, како алтернатива на казната затвор, во 22 случаи.

### 3.8 Деца сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година

Како забрането поведение, малолетничката деликвенција има една своја особеност, а тоа е фактот дека сторителите на овој вид забрането поведение се децата. Кај малолетничката деликвенција, децата се појавуваат во улога на сторители на забранети дејствија и токму затоа овој вид забрането однесување привлекува особено внимание. Ранливоста на децата и фактот што тие се иднината на секоја држава се дополнителен мотив за стручната јавност со цел истражување на причините на малолетничката деликвенција.[16] За нас, од посебен интерес е сторувањето имотен криминалитет од страна на децата, конкретно сторувањето на кривичното дело разбојништво од децата во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година.

[14] Камбовски, Владо, Казнено право – општ дел, 2-ри Август Штип, Скопје, 2006, стр. 725–729.
[15] Арнаудовски, Љупчо, Бужаровска, Гордана, Целевски, Драги, Нанев, Лазар, Стратегија за имплементација на алтернативните мерки, Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Кавадарци, 2004, стр. 16–19.
[16] Габеров, Марјан, Малолетничка деликвенција, Еквинокс, Велес, 2023, стр. 15.

**Табела број 6**
**Деца сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија во периодот од 2019 до 2023 година**

| Година | Вкупно осудени деца | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| 2019 | 19 | 17 | 2 |
| 2020 | 10 | 10 | - |
| 2021 | 16 | 15 | 1 |
| 2022 | 6 | 6 | - |
| 2023 | 7 | 7 | - |
| Вкупно | 58 | 55 | 3 |

Извор: МАКСТАТ.

Податоците што се презентирани во Табела број 6 упатуваат на заклучокот дека и децата може да се појават како сторители на имотен криминалитет, конкретно како сторители на кривичното дело разбојништво. Во анализираниот период, вкупно 58 деца се осудени за кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија. Треба да се истакне дека најголемиот дел од децата што се осудени за ова кривично дело се од машки пол, дури 55 лица, додека, пак, само 3 од женски пол се осудени за кривичното дело разбојништво во периодот од 2019 до 2023 година. Овде уште еднаш се потврдува констатацијата дека криминалитетот претставува типично машка работа.

**Заклучок**

Во вкупното сторување на имотниот криминалитет во Република Северна Македонија, кривичното дело разбојништво е прилично присутно. Оваа констатација се потврдува и преку официјалните статистики на органите што вршат статистичко истражување и анализирање на криминалитетот во даден временски период. Кога се зборува за кривичното дело разбојништво, треба да се има предвид неговата специфична природа, а тоа е дека станува збор за кривично дело што е составено од два елементи, и тоа присилба и кражба. Со сторувањето на оваа инкриминација директно се напаѓа имотот, односно се напаѓа сопственоста како заштитено добро.

Во анализираниот период од пет години во Република Северна Македонија, конкретно од 2019 до 2023 година, се утврдија неколку заклучоци што директно се однесуваат на кривичното дело разбојништво. Може да се заклучи дека кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија е присутно и тоа покажува тенденции на пораст или опаѓање во различни временски периоди. За истакнување е фактот дека многу е голема разликата од лицата што се пријавени и обвинети за кривичното дело разбојништво до лицата што се правосилно осудени за сторување на ова кривично дело. Според официјалните статистики, во практиката може да се забележи сторување на сите облици на кривичното дело разбојништво во смисла на одредбите од Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Како типични сторители на кривичното дело разбојништво во државата се лицата од машки пол, додека, пак, лицата од женски пол многу ретко се појавуваат во улога на сторители на оваа инкриминација. Најчесто, старосната група на сторителите на кривичното дело разбојништво во државата се движи помеѓу 30 и 45 години.

Семејниот и брачниот статус може да се доведат во директна врска со сторувањето на криминалитетот, односно со сторувањето на кривичното дело разбојништво. Во оваа смисла, некомплетните семејства, дисфункционалните семејства и лошите брачни

односи може да влијаат врз некое лице да биде поттикнато да изврши некое кривично дело, вклучително и кривичното дело разбојништво. Казнената политика на судовите во Република Северна Македонија за кривичното дело разбојништво генерално може да се оцени како соодветна за таков вид инкриминација, каде што најчестата казна затвор е во времетраење од 5 до 10 години. Што се однесува до алтернативните мерки, тие имаат многу мала примена кај сторителите на оваа инкриминација. И, сосема на крајот, децата учествуваат во вкупното сторување на имотниот криминалитет, поконкретно и децата се појавуваат во улога на сторители на кривичното дело разбојништво во Република Северна Македонија.

**Користена литература**


Арнаудовски, Љупчо, Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје, 2007, стр. 245.

Арнаудовски, Љупчо, Бужаровска, Гордана, Целевски, Драги, Нанев, Лазар, Стратегија за имплементација на алтернативните мерки, Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Кавадарци, 2004, стр. 16–19.

Габеров, Марјан, Малолетничка деликвенција, Еквинокс, Велес, 2023, стр. 15.

Груевска-Дракулевски, Александра, Мисоски, Бобан, Компаративна анализа на механизмите на упатства за одмерување казна: упатство за одмерување казна во САД, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 21, бр. 1, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2014, стр. 92.

Груевска-Дракулевски, Александра, Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, Македонска ревија за казнено право и криминологија, год. 2, бр. 1, Здружение за кривично право и криминологија, Скопје, 2017, стр. 2.

Камбовски, Владо, Казнено право – посебен дел, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2003, стр. 293.

Камбовски, Владо, Казнено право – општ дел, 2-РИ Август Штип, Скопје, 2006, стр. 725–729.

Lazarevic, Ljubisa, Komentar Krivicnog zakonika Srbije, Pravni fakultet Univerziteta Union, Beograd, 2011, 6.

Stanfield, John, Racism in America and in Other Race-Centered Nation States: Synchronic Considerations, International Journal of Comparative Sociology, 1991, 243 – 260.

Тоновски, Ѓорѓи, Социологија, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Охрид, 2000, стр. 307.

Shakhnoza, Saparbawva, Qizi, Rustem, Comparative analysis of the motives of female and male criminality, International Journal of Law and Criminology, Vol. 04, Iss. 09, 2024, 15.

Шкариќ, Светомир, Уставно право, Матица Македонска, Скопје, 2006, стр. 304.

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017, 248/2018, 36/2023, 188/2023).

**Prof. Dr. Marjan Gaberov**[17]

# PHENOMENOLOGICAL CHARACTERISTICS OF THE PERPETRATORS OF THE CRIMINAL OFFENCE ROBBERY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract**

The author of the paper refers to an analysis of the legal nature of the criminal offense of robbery and the phenomenological characteristics of the perpetrators of this incrimination in the Republic of North Macedonia in the period from 2019 to 2023. This is an incrimination that is part of property crimes and incrimination occurs very often in reality. Research into the characteristics of the perpetrators of the criminal offense of robbery should be helpful in building a preventive system for this form of crime, specifically the criminal offense of robbery. The paper also presents the penal policy of the courts in relation to the perpetrators of the crime of robbery, as well as the crime of robbery committed by children in the Republic of North Macedonia.

**Keywords:** coercion, theft, property, crime, property crime.

[17] Associate Professor, European University Skopje, Faculty of Law, gaberovmarjan@yahoo.com.